**2017026052**

## МАКЕДОНСКА АКАДЕМСКА ИСТРАЖУВАЧКА МРЕЖА МАРНЕТ

Врз основа на член 10 став 1 алинеја 9 од Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа („Службен весник на РМ“бр.124/2010), Управниот одбор на Македонска академска истражувачка мрежа МАРнет на седницата одржана на ден 27.1.2017 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ОПШТИ ПРАВИЛА ЗА ПРИСТАП И КОРИСТЕЊЕ НА ЗАТВОРЕНАТА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА НА МАРнет И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ

### Општи одредби

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат општите правила и начинот на користење на затворената телекомуникациска мрежа на Македонска академска истражувачка мрежа – МАРнет (во понатамошниот текст: МАРнет), поврзување на МАРнет корисник со затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет, како и се што се смета за недозволено, а што дозволено користење на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет, услуги кои ги нуди МАРнет, механизми за правилно користење, како и други прашања кои се од значење за регулирање на начинот на користење на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет и услуги.

Член 2

Одделни поими употребени во овој правилник го имаат следното значење:

- **МАРнет** е јавна установа која врши дејност од јавен интерес, основана за развој, организација и управување на единствена образовна и истражувачка телекомуникациска мрежа во Република Македонија.
- **МАРнет корисник** е секој Корисник на услуга на МАРнет кој има својство на правно лице и кој има потпишано договор за општите правила за поврзување и користење на затворената телекомникациска мрежа на МАРнет во согласност со овој правилник и кои преку постојано или повремено поврзување директно или индиректно ја користат затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет согласно Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа („Службен весник на РМ“ бр.124/2010).
- **Затворена телекомуникациска мрежа (МАРнет мрежа)** е научно-истржувачка и образовно компјутерска мрежа на Република Македонија во функционална и техничка смисла заедно со надворешните врски кои ја поврзуваат со околината, вклучувајќи ги сите уреди кои се во сопственост или изнајмени од страна на МАРнет и сите телекомуникациски линкови кои МАРнет ги поседува или изнајмува од телекомуникациските провајдери.
- **Податочен центар на МАРнет** е технички простор на локација на МАРнет каде терминираат телекомуникациските врски и серверската или мрежна опрема на МАРнет корисник или било кое трето правно лице согласно Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа („Службен весник на РМ“ бр.124/2010).
- **МАРнет пристапна точка** е секоја локација на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет во која се наоѓаат комуникациски уреди на МАРнет мрежата.

- **Договор за општите правила за поврзување и користење на затворената телекомникациска мрежа и телекомуникациски услуги на МАРнет** е договор со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни во поглед на опремата, уредите и услугите на МАРнет.

- **Поставување на опрема подразбира предавање на опрема на МАРнет** корисникот на користење, инсталација во просториите на МАРнет корисникот кој обезбедува технички услови за поставување на опремата, чување на опремата и техничка асистенција при одржување на опремата. Опремата привремено се сместува во просториите на МАРнет корисникот. Поставувањето на опремата не подразбира управување со таа опрема од страна на корисникот освен ако со одлука на МАРнет не е одлучено поинаку.

- **Зона на одговорност** преставува збир на информационо комуникациски ресурси (комуникациски уреди, серверска и клиентска опрема, софтвер на уредите и врска меѓу нив) за чие правилно функционирање е одговорна одредена институција.

- **Демаркациона точка** е точката на комуникациската инфраструктура која ја разделува зоната на одговорност на МАРнет и МАРнет корисникот, односно место каде завршува одговорноста на МАРнет, а почнува одговорноста на МАРнет корисникот за правилно функционирање на сите уреди и врски.

- **МАРнет ресурси** претставуваат сите МАРнет услуги, МАРнет инфраструктурата, комуникациски уреди, серверска и клиентска опрема, софтвер на уредите и врска меѓу нив, софтверски продукти, човечки ресурси и други елементи вклучени во управување и одржување на МАРнет мрежата.

- **Дозволено користење** е директно или индиректно користење на МАРнет ресурсите кое е во согласност со одредбите на овој правилник.

- **Недозволено користење** е директно или индиректно користење на МАРнет ресурсите кое е во спротивност со одредбите на овој правилник.

- **GEANT** (пан-европската академска и истражувачка мрежа) е членска организација која постапува со и за своите членови за истржувачката и образовна мрежа во Европа и во светот.

## МАРнет корисник

Член 3

Корисник на услуга на МАРнет можат да бидат следниве правни лица:

- образовни установи (високообрзовни, училишта за основно и средно образование)
- научно истражувачки установи
- невладини организации кои вршат дејност во областа на заштита на децата, социјалната заштита, спортот и културата
- научни институти
- други правни лица кои се од посебно значење од областа на образованието, науката и културата.

Член 4

МАРнет корисникот може да ги користи услугите на МАРнет доколку е:

Корисник на услугите на МАРнет во смисла на член 3 од овој правилник, односно да има статус корисник на услуга на МАРнет во согласност и на начин пропишан во Законот на основање на МАРнет,

Да има потпишано договор со МАРнет за општите правила за поврзување и користење на затворената телекомникациска мрежа на МАРнет и телекомуникациски услуги на МАРнет.

МАРнет корисникот своите права за користење стекнати врз основа на овој правилник не може да ги пренесува на трети лица.

Член 5

За да ги користи услугите на МАРнет, МАРнет корисникот поднесува писмено барање (во понатамошниот текст: Барање) заедно со документација со која се докажува исполнувањето на условите од член 3 став 1 од овој правилник, освен државните универзитети.

Со МАРнет корисникот кој ги исполнува сите услови од Законот за основање на МАРнет и овој правилник МАРнет склучува договор за општите правила за поврзување и користење на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет во согласност со Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа („Службен весник на РМ“бр.124/2010).

Член 6

МАРнет корисник може да престане да ги користи услугите на МАРнет:

- на барање на МАРнет корисникот,
- згаснување или престанок на МАРнет корисникот како правно лице,
- промена на дејност, статусни промени и промена на правен облик на МАРнет корисникот, промена со која настанало правно лице кое не се смета за корисник на услугите на МАРнет во смисла на Законот за основање на МАРнет,
- во случај на несоодветно користење на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет,
- во случај кога МАРнет корисникот не постапува во согласност со одредбите од договорот за општите правила за поврзување и користење на затворената телекомникациска мрежа на МАРнет телекомуникациски услуги на МАРнет и други договори за поврзување или користење на поеднинечни МАРнет услуги,
- раскинување на договорот.

**Општи правила и начин на поврзување на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет**

Член 7

Право на поврзување на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет имаат МАРнет корисниците кои имаат потпишано договор со МАРнет за општите правила за поврзување и користење на затворената телекомникациска мрежа на МАРнет и телекомуникациски услуги на МАРнет.

Со поврзување на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет на МАРнет корисниците им се овозможува меѓусебно поврзување, поврзување со останатите академски, научно истражувачки и образовни институции во Република Македонија, Европа и ширум светот како и со мрежата на GEANT.

Поврзувањето преставува поврзување со локалната компјутерско-комуникациска мрежа на МАРнет корисникот и затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет. Поврзувањето на МАРнет корисникот се остварува преку комуникциски врски од МАРнет корисникот до МАРнет пристапната точка.

**Технички и финансиски услови за поврзување на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет**

Член 8

Техничките услови за поврзување на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет се состојат од опрема со која се врши поврзувањето на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет и комуникациски врски до затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет.

Член 9

Опремата за поврзување се состои од активни мрежни уреди сместени во рек ормар согласно техничките услови за поврзување, како и други елементи (на пример, уреди за непрекинато напојување, конвертори или појачувачи на сигналот и слично), во понатамошниот текст „Опрема“.

Опремата неопходна за поврзување на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет ја набавува МАРнет доколку МАРнет корисникот нема претходно обезбедено или не може да обезбеди технички услови за поврзување, во согласност со средствата одобрени за таа намена во финансискиот план на МАРнет.

Опремата која ја набавил МАРнет се инсталира на локација на МАРнет корисникот.

## Финансиски услови

Член 10

МАРнет корисникот ги сноси оперативните трошоци за работа и одржување на инсталираната опрема на локацијата на МАРнет корисникот (електрична енергија, климатизација, физичко техничка безбедност, противпожарна заштита и итн.).

Секој од државните универзитети најдоцна до 15 октомври од тековната година доставува проценет капацитет за поврзување со МАРнет мрежата согласно своите потреби за наредната година кој не може да биде помал од 30 Mbps. Доколку процената не се достави до МАРнет во предвидениот рок, останува во сила последната процена. Корекција на проценет капацитет може да се прави на квартално ниво.

Во зависност од висината на проценетиот капацитет за тековната година кој го барал самиот државен универзитет, соодветниот државен универзитет ќе плаќа финансиски надомест за капацитетот кој што го побарал, пресметан по следнава формула:

$$\frac{\textit{побаран}\text{ капацитет }\textit{на државен универзитет}}{\textit{вкупен побаран}\text{ капацитет }\textit{на сите државни универзитети}} \times 100 = x\%$$

Државниот универзитет плаќа финансиски надомест од x% од вкупно 30% од вкупните трошоци кои МАРнет ги плаќа за поврзувањето кон GEANT.

Приватните универзитети сами го финансираат поврзувањето до пристапната точка на МАРнет.

Капацитетот на приваните универзитети се утврдува со нивното барање и приватниот универзитет го надоместува трошокот за сопствениот капацитет кој што е еднаков на капацитет кој што го плаќа МАРнет кон GEANT.

## Сместување на опремата

Член 11

Комуникациската и серверска опрема на МАРнет неопходна за поврзувње со МАРнет корисникот и овозможување на МАРнет услугите се сместува во просториите на МАРнет, во просториите на МАРнет корисникот или во простории закупени од страна на МАРнет корисникот или МАРнет.

МАРнет корисникот е обврзан да овозможи во неговите простории да биде сместена опремата на МАРнет која е потребна за поврзување на тој МАРнет корисник и/или поврзување на други МАРнет корисници на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет преку локацијата на тој МАРнет корисник, а со претходно одобрување на МАРнет корисникот.

Просторијата за сместување на неопходната опрема мора да ги исполнува позитивните прописи за оптимално функционирање на телекомуникациска опрема.

МАРнет корисникот е обврзан во просторијата каде е сместена опремата да обезбеди противпожарна заштита во согласност со прописите кои ја регулираат оваа област во Република Македонија.

Било каква интервенција на уредите на МАРнет сместни во просториите на МАРнет корисникот се дозволени исклучиво по претходно одобрение од МАРнет (на пример: рестартирање, промена на кабел, поврзување на други уреди и слично).

**Комуникациска врска до затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет**

Член 12

Трошоците за поврзување на државните универзитети и другите МАРнет корисници на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет ги сноси МАРнет доколку МАРнет корисникот нема претходно обезбедено или не може да обезбеди технички услови за поврзување, во согласност со средствата одобрени за таа намена во финансискиот план на МАРнет.

Трошоците за поврзување на приватните универзитети на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет ги сноси самиот универзитет.

**Права и обврски на МАРнет корисникот**

Член 13

Постоечките телекомуникациски врски на МАРнет корисникот се користат со цел поврзување на МАРнет корисникот на МАРнет мрежата, но може да се користат и со цел за поврзување на останати МАРнет корисници, а со претходна дозвола од МАРнет корисникот.

**Прекинување на врската**

Член 14

МАРнет корисникот може да биде исклучен од затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет доколку му престанал статусот МАРнет корисник, крши одредби од Договорот за општите правила за поврзување и користење на затворената телекомникациска мрежа на МАРнет и телекомуникациски услуги на МАРнет, други договори кои МАРнет корисникот ги склучил со МАРнет и одредби од други правилници донесени од страна на МАРнет.

**Управување, контрола и мониторинг на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет**

Член 15

МАРнет во потполност и без ограничување самостојно управува, има потполна контрола и право на мониторинг над сите мрежни, серверски и клиентски уреди чии е сопственик или изнајмувач, без оглед на тоа каде тие уреди се сместени.

МАРнет има потполна контрола и исклучиво право над употребата на сите телекомуникациски врски кои самостојно ги изградил, закупил, добил на користење.

МАРнет корисникот самостојно управува, има потполна контрола и право на мониторинг над сите мрежни, серверски и клиентски уреди во сопственост на МАРнет корисникот и се користат за негови потреби.

МАРнет корисникот има контрола над сите врски кои ги поседува или кои ги закупил за свои самостојни потреби, а кои ги поврзуваат информациско-комуникациските уреди на МАРнет корисникот.

## Демаркациона точка

Член 16

Доколку за поврзување на МАРнет корисникот на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет, МАРнет го поставил комуникацискиот уред и сместил во просториите на МАРнет корисникот, демаркационата точка на одговорност помеѓу МАРнет корисникот и МАРнет е портата на самиот уред на МАРнет кој е поставен кај МАРнет корисникот преку кој уред е поврзана локалната информациско комуникациската инфраструктура на МАРнет корисникот.

МАРнет е одговорен за сопствениот уред поставен кај МАРнет корисникот и за врската од соодветната МАРнет пристапна точка до него. МАРнет корисникот е одговорен за физичката врска од портата на уредот на МАРнет до остатокот од својата локална информациско комуникациската инфраструктура и комплетната сопствена локална информациско комуникациската инфраструктура.

Доколку МАРнет корисникот се поврзува со МАРнет мрежата преку пасивна мрежна опрема, демаркационата точка се поставува на местото на физичкото поврзување на МАРнет и МАРнет корисникот.

## Општи правила и начин на користење на МАРнет ресурси (недозволено и дозволено користење на МАРнет ресурси)

Член 17

МАРнет ресурсите можат да се користат исклучиво за остварување на целта поради која МАРнет е основан, а посебно за потребите од научно-истржувачката област, образование, наука и култура. МАРнет сообраќајот кој се остварува за овие цели има поголемо значење и приоритет во однос на сите останати мрежи и сообраќај.

Освен начините на користење опишани во став 1 од овој член, МАРнет корисниците може да ги користат МАРнет ресурсите и поради извршување на други активности кои придонесуваат за развој и унапредување на научно-истржувачката област, образование, наука и култура.

МАРнет ќе настојува да ги дава услугите во континуитет и во согласност со расположливите технички ресурси и кадровските капацитети како и да одржува квалитетна услуга спрема техничките можности.

## Недозволено користење на МАРнет ресурсите

Член 18

Недозволеното користење на затворената телекомуникациска мрежа и услугите на МАРнет подразбира однесувања и активности на МАРнет корисникот кој ги користи затворената телекомуникациска мрежа и услугите на МАРнет на начин кој не е во согласност со член 20 од овој правилник, а посебно:

- доколку се загрозува непреченото користење на МАРнет услугата, се загрозува непреченото и нормалното функцонирање на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет, се загрозува и нарушува нормалното функционирање и безбедноста на затворената телекомуникациска мрежа и услугите на МАРнет, како и ресурсите на било која друга мрежа.

- доколку се предизвикува неоправдано оптеретување на МАРнет ресурсите или ресурсите на другите мрежи, како и зголемено ангажирање вработените за одржување на тие ресурси внатре во МАРнет, а посебно за приватни цели, освен во случаите кои се во согласност со овој правилник.

- доколку со тоа се прави кривично дело или прекршок согласно законите на Република Македонија.

- доколку со тоа се прави повреда на законите со кои се регулирани авторските и сродните права.

- доколку целта е противправно стекнување на имотна корист.

- доколку се во спротивност со законските акти кои ја регулираат областа за заштита и тајност на личните податоци.

- доколку со тоа се прави повреда на овој правилник, посебни правилници за поединечни услуги доколку постојат или договори кои МАРнет ги склучил со МАРнет корисниците.

- доколку се во спротивност со правилата на било која мрежа со која се, или преку која се остварува сообраќај за користење на затворената телекомуникациска мрежа и услугите на МАРнет.

- доколку со тоа се врши злоупотреба на деца преку интернет.

- доколку со тоа се врши дистрибуција на несакани e-mail пораки преку електронска пошта.

- доколку со користењето на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет и услугите се остварува недозволен пристап, недозволено управување и контрола, експлоатација, измени, оштетување или уништување на ресурсите или било кои податоци достапни внатре во затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет.

- доколку со користење на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет и услугите свесно се шири малициозен софтвер како на пример: вируси, тројански коњи и слично.

- доколку корисник на МАРнет директно или индиректно поврзе на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет или овозможи користење на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет без дадено одобрување да може да ги користи ресурсите и услугите на МАРнет.

- доколку користи МАРнет ресурси заради рекламирање, промовирање, застапувања или било кои други потреби на правни или физички лица, политички партии, верски организации и други организации или правни лица чија дејност не е поврзана за научно-истражувачки и образовна работа и култура.

- доколку шири национална, верска, расна или полова дискриминација, омраза и нетрпеливост или други активности кои навредуваат, клеветат или вознемируваат поединци или цела група луѓе, како што се закани, повреда на религиозни, етнички, политички или други уверувања и сл.

- доколку создава, објавува или пренесува уврдливи, клеветни, насилни, непристојни слики, податоци или друг материјал, или било кои податоци кои можат да бидат сфатени како такви освен за законски дозволени научно - истржувачки образовни и културни цели.

- доколку продолжува со користење на некој ресурс или услуга на МАРнет откако МАРнет во согласност со одредбите на овој правилник или посебни правилници за посебни услуги доколку постојат, побарал користењето на ресурсот или услугата да престане.

- доколку не постапува во согласност опомената или одлуката на МАРнет донесена по пријава или по службена должност.

**Дозволено користење на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет**

Член 19

Дозволено е секое користење МАРнет ресурсите од страна на МАРнет корисниците, во случаите кои не се изрично забранети со одредбите од овој правилник и позитивните прописи на Република Македонија.

Дозволено е користење на МАРнет ресурсите за поставување или емитување информациски соодржини од непрофитен карактер, дури кога не се во врска со научно-истражувачка или образовната работа, ако е во согласност со одредбите од овој правилник и не се нарушува функционалноста на МАРнет ресурсите.

Член 20

МАРнет може да донесе опомена (предупредување) или одлука за суспендирање на поединични услуги на МАРнет корисниците, односно користење на МАРнет ресурси, вклучувајќи ја и врската со затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет.

Во посебно итни случаи заради зачувување на функционалноста и безбедноста на МАРнет ресурсите, опомената може да се донесе и дополнително, по суспендирање на услугата која е загрозена.

МАРнет корисникот на кого некоја услуга му е привремено суспендирана поради кршење на одредбите од овој правилник може да се обрати до МАРнет со барање за повторно воспоставување на услугата.

Член 21

МАРнет не е одговорен за штетата која МАРнет корисникот ја претрпува при користење на МАРнет ресурсите, освен ако се работи за штета која е предизвикана со намера или невнимание на МАРнет.

МАРнет не одговара за штетата која МАРнет корисниците ја претрпеле по смалениот квалитет на сообраќајот придизвикано од пречки, атмосферски влијанија, физички препреки или други причини на кои МАРнет не може да влијае, непокриеност на подрачје, намален проток во безжичниот пренос на податоци и дејствија на виша сила.

Доколку МАРнет корисникот во својата мрежа употребува уред кој не е компатибилен со мрежата на МАРнет или не е прилагоден за користење во неа или предизвикува пречки во работењето на МАРнет ресурсите, МАРнет не сноси одговорност за неможноста на користењето на МАРнет ресурсите.

МАРнет не е одговорен за штетата или повреда на правата кои ги претрпел МАРнет корисникот при недозволено работење во смисла на овој правилник од страна на истиот или друг МАРнет корисник или трети лица надвор од затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет.

МАРнет не е одговорен на МАРнет корисникот или трети лица за губење на податоци, неовластен пристап на трети лица до податоците на МАРнет корисникот и штета на уредите на МАРнет корисникот настанати од вируси и сл. која настанала по приклучување на МАРнет корисникот на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет или при користење на уредите спротивно од упатството на производителот.

МАРнет не е одговорен за штетата или повредата на правата кои ги претрпело трето лице надвор од затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет настанати како резултат од недозволено работење во смисла на овој правилник од страна на МАРнет корисникот.

МАРнет не одговара за намалување на квалитетот на МАРнет услугата кое е настанато од активности кои преставуваат недозволено работење во смисла на овој правилник, како и од објективни причини кои неможат да се предвидат, избегнат или отстранат.

МАРнет не е одговорен за безбедноста на уредите со кои управува МАРнет корисникот, па со тоа ни за евентуалната штета настаната на овие уреди како резултат од недозволено користење на МАРнет ресурсите.

МАРнет корисниците треба да ги чуваат и/или да ги пренесуваат податоците низ мрежата земајќи ја во предвид ограничената безбедност. Во било кој случај, МАРнет не сноси одговорност за евентуалното настанување на несакани појави и директни или индиректни штети. МАРнет не е одговорен за било каква евентуална штета на МАРнет корисникот која настанала при коритење на било кој МАРнет ресурс.

Член 22

МАРнет ќе настојува да спречи било каква активност која може да предизвика пречка на МАРнет корисникот при користење на МАРнет услугите или оштетување на МАРнет ресурсите, како и да ги намали последиците од таквите евентуални штетни активности.

МАРнет ќе настојува да го спречи пристапот од неавторизиран корисник на затворената телекомуникациска мрежа, услугите и/или информациите кои се пренесуваат или кои се достапни низ мрежата.

МАРнет корисниците треба да ги чуваат и/или да ги пренесуваат податоците низ мрежата земајќи ја во предвид ограничената безбедност на информационо комуникациската инфраструктура.

**Преодни и завршни одредби**

Член 23

Сите правни лица кои до денот на стапување на сила на овој правилник биле поврзани на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет се должни по стапување на сила на овој правилник да поднесат Барање за поврзување во согласност со овој правилник и во целост да постапат во согласност со овој правилник, освен државните универзитети.

Договори за привремено поставување на опремата на МАРнет со цел за користење на МАРнет мрежата и сервисите, а кои се склучени до денот на стапување на сила на овој правилник, остануваат да важат и по стапувањето на сила на овој правилник.

Членот 10 од овој правилник ќе започне да се применува со воспоставување на комуникациската врска на сите државни универзитети како МАРнет корисници.

Член 24

Овој правилник стапува на сила во рок од 8 дена од објавувањето во „Службен весник на РМ", а ќе започне да се применува од 1.4.2017 година.

Бр. 80/1-04
27 јануари 2017 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
проф. Д-р **Пеце Митревски,** с.р.